Врз основа на член 78 став 3 од Законот за земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија” бр 49/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**КОДЕКС**
**НА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА И ХИГИЕНСКА ПРАКСА**

Член 1

Со овој кодекс се пропишува начинот на спроведување на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса.

Член 2

(1) Начинот на спроведување на Добрата земјоделска и хигиенска пракса (во понатамошен текст ДЗХП) во смисла на овој кодекс е уреден со документ за ДЗХП.

(2) Во Кодексот за ДЗХП се содржани одредби кои се во согласност со националното законодавство.

(3) Под принципи за ДЗХП се дефинира извршување на земјоделски активности на оној начин кој овозможува добро управување на земјоделските површини земајќи ги во предвид климатските карактеристики на регионот, вклучувајќи ги и постоечките земјоделски системи, употреба на земјоделското земјиште, плодоред, земјоделски практики и структура на земјоделските стопанства.

(4) Целта на кодексот за ДЗХП е да се намали негативното влијание на земјоделството на животната средина и да се спречи исцрпувањето и нерационална употреба на главните природни ресурси (почва, вода, животни, растенија и предели).

Член 3

ДЗХП се засновува на примена на агротехнички и други мерки кои се изведуваат од следниве начела:

- висок степен на заштита на здравјето на потрошувачите;
- заштита на природата;
- одговорно управување со земјиштето, одржување на плодноста на почвата, нејзината структура и нутритивниот систем;
- одговорна употреба и заштита на водата;
- зачувување на биодиверзитетот;
- безбедно користење и складирање на фито-фармацевски средства, опрема за заштита и безбедности методи на работа;
- управување со органски отпад;
- водење и чување на документација за активности на земјоделскиот имот.

Член 4

При примената на ДЗХП, земјоделските производители треба да се раководат и да ги почитуваат следниве принципи:

- примена на најдобрите земјоделски практики при производство на храна за луѓето и животните, засновано на барањата за одржливо земјоделство;
- земјоделското производство да се остварува со комбинирање на најдобри земјоделски практики;
- заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси;
- примена на земјоделски технологии кои вообичаено се применуваат во Република Македонија и кои водат сметка за заштита на земјиштето, благосостојбата и здравјето на животните, хигиената, здравјето на растенијата, безбедноста на храната и грижата за општото здравје.

Член 5

За да се остварат начелата и принципите од членовите 3 и 4 на овој кодекс земјоделскиот производител треба да:

- ја чува довербата на потрошувачот за квалитетот и здравствената исправност (безбедност) на храната;
- го минимизира загадувањето на околината;
- ја редуцира употребата на хемиски препарати;
- овозможува унапредување на ефикасноста на користењето на природните енергетски ресурси;
- се однесува одговорно во однос на здравјето и безбедноста на работниците и севкупната одговорност во работењето;
- практикува одговорен однос и грижа за благосостојба на животните.

Член 6

Начелата и принципите на ДЗХП од членовите 4 и 5 може да послужат како основа за поттикнување на примента на агро-еколошките мерки и користење специфични субвенции и плаќања за таа намена како и услов за користење на одделни мерки за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.______________
_____________2010 година
Скопје

Министер, с.р.
Љупчо Димовски

**Образложение**

Кодекс на добра земјоделска и хигиенска пракса се изработува врз основа на член 78 став 3 од Законот за земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр 49/10).

Со Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса поблиску се пропишуваат начинот на спроведување на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса. Со овој кодекс се дефинира извршување на земјоделски активности на оној начин кој овозможува добро управување на земјоделските површини земајќи ги во предвид климатските карактеристики на регионот, вклучувајќи ги и постоечките земјоделски системи, употреба на земјоделското земјиште, плодоред, земјоделски практики и структура на земјоделските стопанства.

Принципите за користење на кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса се примената на најдобрите земјоделски практики при производство на храна за луѓето и животните, засновано на барањата за одржливо земјоделство, земјоделското производство да се остварува со комбинирање на најдобри земјоделски практики, заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси и примена на земјоделски технологии кои вообичаено се применуваат во Република Македонија и кои водат сметка за заштита на земјиштето, благосостојбата и здравјето на животните, хигиената, здравјето на растенијата, безбедноста на храната и грижата за општото здравје.

Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса ќе придонесе кон изготвување и реализирање на мерките утврдени со оските на заедничките политики на руралниот развој и поголема поддршка на помалите семејни земјоделски стопанства кои истата ќе ја применуваат, во однос на оние кои ќе работат по конвенционални методи различни од препораките наведени во овој кодекс